


Почитувани пријатели и соработници,

За да се постигне целта за намалување на емисиите на стакленички гасови во ЕУ за најмалку 55% до 2030 година и да се постигне климатска неутралност до 2050 година, од витално значење е да се преземе брза, храбра и трансформативна акција на сите нивоа на општеството, во сите сектори и во секој регион на европскиот континент. Праведната транзиција започнува со преобликување на нашите економии на начин на кој тие ќе бидат подемократски, еднакви, разновидни, колаборативни, кружни и одржливи.

Ние во ЗГ ЦеПроСАРД, започнавме да зборуваме за зелена економија на самиот почеток од нашето постоење уште во 2008 година креирајќи го проектот „АГРО ЕНЕРГИЈА". Земјоделците беа меѓу првите на кои им понудивме знаење и средства за воведување на обновливи извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност во фармите, понудивме помош во развојот на домашната економија со поддршка во креирање на подзаконската регулатива имајќи ја притоа секогаш на ум социо-економската благосостојба и грижата за луѓето, животните и планетата како приоритет. Ја промовиравме незаменливата улога на жената во руралните средини во борбата со климатските промени, а со тоа се трудевме да дадеме силен придонес во развојот на родово праведната транзиција. Од тогаш па до денес, континуирано работиме на вмрежување на граѓанскиот и бизнис секторот со локалната самоуправа и институциите од што произлегоа голем број успешно реализирани проекти: БИЛДЛАГ (BUILDLAG), Чиста енергија за чист воздух, Балканска приказна, Bild-up skills, Болници на Балканот со енергија близу нула (ZeN-H Balkan), Посилна граѓанска поддршка за ефикасна апликација на политиките од областа на енергетиката во процесот на пристапување кон ЕУ и многу други. Секогаш имавме за цел отварање на нови зелени вработувања особено за лицата во ризик.

Денес, продолжуваме да работиме на проекти кои придонесуваат за праведната транзиција и кои промовираат еднакви услови за сите луѓе без исклучоци::

- Помагаме лицата со попреченост да добијат комфорни станбени единици за живеење со поддршка, преку процесот за деинстуционализација на Специјалниот Завод Демир Капија во рамки на проектот "Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР";
- Работиме за развој на социјалната економија креирајќи поддршка на социјални претпријатија и отворање нови работни места за ранливите групи придржувајќи се на принципот „Не оставај никој зад себе"
- Со проектот „Зелена топлина" работиме на воведување ефикасна услуга за централно греење ориентирана кон потрошувачите, преку мала дистрибутивна мрежа базирана на обновливи извори на енергија.
- Продолжуваме со вмрежување со граѓанскиот и бизнис секторот, институциите и општините за подобрување на климатската вонредна состојба и за еколошката транзиција. На почетокот на 2022 година ваквиот пристап ни овозможи активно да се вклучиме во имплементацијата на проектните активности на општина Ѓорче Петров преку проектот „Пилот интервенции за третман на отпадните води и цврстиот отпад во пограничниот регион Косово – Македонија.

**Проект *"Заедно за повеќе можности и поддршка" - ТИМОР***

Во последното тримесечје, проектниот тим на проектот "„Заедно за повеќе можности и поддршка-ТИМОР", континуирано работеше на повеќе сегменти од проектните активности.

Во февруари, ***свечено ја отворивме и третата станбена единица за живеење со поддршка во заедницата во Велес***. На отворањето присуствуваа и свои обраќања имаа г-дин Стефан Худолин, раководител на секторот за соработка при Делегацијата на Европската Унија, министерката за труд и социјална политика, г-ѓа Јованка Тренчевска, проектниот асистент г-ца Теа Тевева, градоначалникот на о.Велес г-дин Марко Колев и претседателката на Здружението на лица со церебрална прализа и други попречености-Велес г-ѓа Далиборка Златева. Со станбената единица ќе раководи приватниот давател на услугата живеење со поддршка во заедницата за лица со попреченост - Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености - Велес, кое се стекна со овластување за лиценциран давател на овој тип на услуги од страна на МТСП и ќе им пружи на корисниците 24 часовна грижа и нега и вклучување во општествениот живот. До јануари 2022 во рамки на проектот се отворени и функционални 3 од предвидените 10 станбени единици за живеење со поддршка во заедницата.

Во изминатиот период, проектниот тим континуирано работеше на терен и ја следеше ***адаптацијата на новите станбени единици*** кои се во подготовка, а ги посетуваше и веќе формираните станбени единици во Демир Капија, Неготино и Велес со цел да го следи процесот на адаптација на корисниците. На дел од посетите присуствуваше и организацијата – партнер на проектот - Лоза Фондација од Шведска со која во февруари оствариме и работен состанок во просториите на Специјалниот Завод Демир Капија во врска со процесот на подготовка на корисниците и понатамошните можности за соработка, вклучително и за нивна донација за сензорна соба во Заводот.

Беа потпишани ***договори за закуп на нови објекти*** чиј процес на реконструкција е во тек и истите се лоцирани во Демир Капија, Градско и Башино Село. Истовремено, 15 корисници се подготвуваат за процесот на деинституционализација од страна на Македонското Монтесори Здружение и се изготвувааат персонални планови за соодветна документација.

На ден 22.02.2022 се одржа ***6-тиот состанок на Конзорциум*** на проектот ТИМОР. На состанокот беа презентирани веќе имплементираните активности во последните 6 месеци, со акцент на отворањето и изборот на нови станбени единици за живеење со поддршка, соработката со Специјалниот Завод Демир Капија при подготовката на корисниците за процесот на деинституционализација, како и изборот на стручен кадар за малите групни домови. Во моментот, во тек е и подготовка на публикацијата – Монографија „Заедно за повеќе можности и поддршка".

Меѓу најзначајните спроведени активности во ова тримесечје е *работната средба со министерската при Министерството за труд и социјална политика*, г-ѓа Јованка Тренчевска со дел од проектниот тим која се одржа на 25.02.2022 во Министерството за труд и социјална политика на РСМ . На средбата се разговараше за поддршката на МТСП во имплементацијата на активностите на проектите од оваа грантова шема, соработката помеѓу Министерството, граѓанските здруженија и локалната власт при примената на социјалните услуги и чекорите за преземање на формираните групни домови во рамки на проектите од страна на МТСП.









*Проектот се спроведува во рамките на Акционата програма ИПА II 2017 на Поддршката на ЕУ за образование, вработување и социјална политика - Поддршка на процесот на деинституционализација во социјалниот сектор во земјата.*

Проектот "Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР" е финансиран од Европската Унија со времетраење од 36 месеци, а се спроведува од страна на ЗГ ЦеПроСАРД во конзорциум со:

- Специјален Завод “Демир Капија“;
- Општина Демир Капија и
- Фондација Лоза од Шведска
- Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија

## Проект „*Поддршка на социјалните претпријатија преку следење на принципот – Не оставај никој зад себе”*

Во првото тромесечие од проектот *„Поддршка на социјалните претпријатија преку следење на принципот – ‘Не оставај никој зад себе’”,* проектниот тим ги изврши неопходните подготвителни активности за успешно изведување на проектот. Како дел од овие активности тимот оствари **ко**муникација и средби со повеќе институции, општини, претставници на граѓански здруженија и деловни компании, со цел да оформи Насочувачки Комитет на проектот од релевантни претставници на чинители кои имаат интерес за развивање на социјалното претприемништво во државата.

Главната цел на проектот е поддршка на развојот на нови и веќе постоечки социјални претпријатија и поттикнување на нивната економска независност преку следење на принципот - Не оставај никој зад себе. Преку ре-гранитрање на нови и постоечки

На ***првиот состанок на Насочувачкиот Комитет*** кој се одржа во месец февруари 2022, се разви дискусија за состојбата и перспективите на социјалните претпријатија, од деловен, институционален и правен аспект. Овој Насочувачки комитет има за цел насочување на активностите во проектот помеѓу кои е избор на комисија за идентификување на критериумите за селектирање на Социјални Претпријатија и ГО кои ќе бидат поддржани во подобрување на нивната економска независност и капацитетите на организацијата.

Дел од тематиките кои беа опфатени во дискусијата беа претставување на прокетните специфични цели, активности, очекувани резултати. Претставување на реализираните активности и видливоста на проектот. Се водеше дискусија за текот и имплементацијата на

квалитетот на социјалните услуги и производи. Исто така проектот ќе поддржи вработување на ранливите категории на граѓани преку креирање нови и стабилни работни места. Проектните активности се насочени кон подигнување на јавната свест за придобивките од развојот на социјалните претпријатија и вклучувањето на ранливите категории граѓани во заедницата изнаоѓајќи можности за нивна одржливост.

локално, регионално и национално ниво, бизнис секторот и граѓанските организации. Исто така беа предложени членови на Комисијата за критериуми и избор на социјални претпријатија и лица од ранливи категории за ко-финансирање.

Проектот е финансиран од Европската Унија во времетраење од 18 месеци.





**Проект *„Зелена Топлина“ (Green Heat) во партнерство со Општина Радовиш, финансиран од ЕУ***

Во јануари 2022 започнавме со активностите на долго подготвуваниот проект „Зелена топлина - воведување на ефикасна услуга за централно греење, ориентирана кон корисниците, базирана на обновливи извори на енергија“. Со проектот, чија главна активност е поставување на современ систем на греење, ќе се поврзат 5 јавни згради ви општината каде најголем дел од корисниците се децата и младите.

Со цел да се овозможи решение со кое на најдобар начин ќе се искористи локалниот, достапен потенцијал во општината – како во изборот на енергенси така и во поглед на ефикасни технологии, првите активности на тимот на ЦеПроСАРД и Општина Радовиш се фокусирани на ***изработка на стручна Анализа*** која ќе ги земе предвид досегашните искуства и сознанија и ќе понуди најсовремено и иновативно решене за „зелено“ централно греење. Со тоа, Општината Радовиш покрај енергетските и економските придобивки, во вистински смисол ќе се промовира како пример на општина која работи на одржливиот развој и се грижи за иднината и благосостојбата на граѓаните.



Покрај оваа анализа, воведната фаза на проектот вклучува и други истражувања и студии, како и ***формирање на Локална група на клучни засегнати страни*** кои ќе учествуваат во процесите на донесување одлуки поврзани со воведувањето на новата услуга. Со проектот се предвидени и голем број обуки и промотивни активности наменети за директно засегнатите страни и за крајните корисници. Со нив ќе се обезбеди потребното знаење и алатки за успешна реализација на оваа активност и одржливост на долг рок, како и за понатамошно реплицирање на овој модел на општинска услуга, во други општини и на други локации.

решенија за локалните проблеми во општините, истовремено зајакнувајќи го нивниот капацитет да се справат со нивните надлежности, да ги копираат и приспособат најдобрите практични решенија од локалните власти во земјите-членки на ЕУ, како и да ја подобруват вклученоста на локалните чинители во решавањето на проблемите.

### Усовршување на знаењето и вештините на тимот на ЗГ ЦеПроСАРД

ЗГ ЦеПроСАРД континуирано работи на зајакнување на капацитетите на тимот. Во периодот од јануари до март 2022 година наши претставници присуствуваа на следните обуки и информативни сесии:

- Претставник од тимот на ЗГ ЦеПроСАРД учествуваше на дводневна обука за **Управување со Проектен Циклус за потенцијални апликанти на ИПА Програмата за прекугранична соработка Косово - Северна Македонија за 5-тиот Повик за предлог проекти**. Обуката се одржа во просториите на Хотел Александар Палас во Скопје, Северна Македонија, на 15ти и 16ти февруари 2022.
- Претставници на нашиот тим учествуваа на **Онлајн обуки на теми поврзани со Зелениот климатски фонд** кои се спроведуваше во периодот 28 февруари – 23 март 2022, преку платформата ZOOM. Обуките беа во рамки на вториот подготвителен проект на Република Северна Македонија од Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка на Зелениот климатски фонд „Зајакнување на националните капацитети за ублажување и адаптација кон климатските промени и финализирање на Работната програма за Зелениот климатски фонд на Република Северна Македонија" – спроведуван од ФАО под водство на Националниот назначен орган за Зелениот климатски фонд.

*Copyright © 2022 CeProSARD, All rights reserved.*

**Our mailing address is:**
info@ceprosard.org.mk

Want to change how you receive these emails?
You can update your preferences or unsubscribe from this list.

This email was sent to <<Email Address>>
*why did I get this?* unsubscribe from this list update subscription preferences
CeProSARD · Str 1550 nr 8a · Skopje 1000 · Macedonia